КРАТОВО
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КРАТОВО
Бр.: 05-143/14
24. 02. 26 год.
КРАТОВО

ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО ТРГОВИЈА И УСЛУГИ
30 ТИ МАРТ ДООЕЛ увоз - извоз
БР. 0507/02
24. 02. 2026 год.
РАДОВИШ

**ДОГОВОР**

**ЗА НАБАВКА НА АРХИВСКИ ОРМАРИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОПШТИНА КРАТОВО**

Склучен на ден: 24.02.26 година помеѓу договорните страни

1. Единица на локална самоуправа на ОПШТИНА КРАТОВО со седиште на ул.Маршал Тито бб Кратово, претставувана од Градоначалникот Тодорче Николовски, од една страна и

2. ,,Друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз 30 ТИ МАРТ ДООЕЛ,, од Радовиш , ул. ,, Плачковица 79 ,, Радовиш, со ЕМБС 5507944, жиро сметка 200-0008-715-831-13 депонент на Стопанска банка, застапувано од Јован Илијев од другата страна.

**Член 1**

Предмет на Договорот е Набавка на лимени ормари за потребите на општина Кратово, согласно: Одлуката за избор на најповолна понуда бр: 05-143/13 од 12.02.2026 г, распишаниот Оглас бр: 00807/2026 заведен под број 05-143/3 од 30.01.2026 година, понудата, тендерската документација и спецификацијата, согласно потребите на Општина Кратово.

**Член 2**

Согласно Законот за Јавни набавки, понудите на понудувачите и спроведената постапка на е-аукција која се оддржа на ден 11.02.2026 година, како најповолна е избрана понудата на понудувачот ,Друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз 30 ТИ МАРТ ДООЕЛ,, па поради тоа истиот се обрзува да ги испорача архивските ормари, во се согласно тендерската документација, спецификација, и конечната цена по електронската аукција.

**Член 3**

Набавката за потребите на општината ќе се изврши по потпишување на договорот од двете договорни страни, врз основа на понудата и конечната цена постигната на електронската аукција во износ од 81.340,00 денари, без ДДВ. Вредноста на Договорот е 81.340,00 ден без ДДВ, односно 95.981,00 денари со ДДВ, утврдена согласно Одлуката за јавна набавка бр: 05-143/3 од 30.01.2026 година.

**Член 4**

Избраниот понудувач се обврзува и е должен да ја испорачува предвидената роба во рокот даден во понудата односно во рок од 1 (еден) ден, односно 24 часа по примената нарачка и да ја достави до нарачателот Општина Кратово, а квалитетот на испорачаните материјалите треба да биде согласно материјалните законските прописи, во спротивно општина Кратово има право да не ги прими, и да не изврши исплата.

**Член 5**

Плаќањето ке се врши по извршената и испорачана набавка т.е. според условите во понудата во рок од 30 дена по примена фактура.

**Член 6**

Во случај на непочитување на условите наведени во договорот од било која страна, истиот може да биде раскинат а нарачателот има можност да склучи договор со второрангираниот понудувач.

**Член 7**

Во случај на спор, доколку договорните страни не го решат спогодбено, надлежен е Основниот суд во Куманово.

**Член 8**

Договорот е склучен во 6 (шест) еднакви примероци од кои 2 (два) за извршителот на набавката и 4 (четири) за Нарачателот-општина Кратово.

| | |
|---|---|
| **ОПШТИНА КРАТОВО** | **ДПТТУ 30ти Март ДООЕЛ Радовиш** |
| Градоначалник | Управител |
| Тодорче Николовски | Јован Илијев |